**20181242424**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарното здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ ПРИ УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ДОМАШНИ И ДИВИ СВИЊИ, СЕМЕ, ЈАЈЦА И ЕМБРИОНИ ОД СВИЊИ, СВИНСКО МЕСО, ПРОИЗВОДИ И ПОДГОТОВКИ ОД СВИНСКО МЕСО, ДРУГИ ПРОИЗВОДИ КОИ СОДРЖАТ СВИНСКО МЕСО, КАКО И НУСПРОИЗВОДИ ОД СВИЊИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА АФРИКАНСКА СВИНСКА ЧУМА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Решението за преземање на безбедносни мерки при увоз и транзит на домашни и диви свињи, семе, јајца и ембриони од свињи, свинско месо, производи и подготовки од свинско месо, други производи кои содржат свинско месо, како и нуспроизводи од свињи заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 216/16, 95/17, 118/17, 138/17, 79/18 и 101/18), во Прилогот Делот 4 се заменува со нов Дел 4, кој е составен дел на ова решение.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02 – 1733/3
2 јули 2018 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

Прилог

Дел 4

1. Италија
Следните области во Италија:
Сите области на Сардинија.
2. Република Чешка
Регионот Zlin.
3. Романија
Следните области во Романија:
- Регионот Satu-Mare;
- Регионот Tulcea.
4. Унгарија
Следните области во Унгарија:
- Регионот Heves;
- Регионот Szabolcs-Szatmar-Bereg.